ОСНОВЕН СУД
-КОЧАНИ
СУ-04-42-3/20
28.12.2020 година

Судскиот администратор на Основен суд Кочани Марија Стојанова,врз основа на чл.42 и чл.43 од Законот за судска служба,а во врска со спроведената постапка по објавениот Интерен оглас бр.1/20 за унапредување на судски службеник во категорија Б,ниво Б4,СУД0101Б04004,Раководител на одделение за ИТ,на ден 28.12.2020 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

ВИКТОРИЈА РИСТОВА, вработена во Основен суд Кочани на работно место ,,советник-информатичар, ,категорија В,ниво В1, СЕ УНАПРЕДУВА во ,,раководител на одделение за информатика,, категорија Б,ниво Б4.

**Образложение**

Од страна на Основен суд Кочани на web страната на судот беше објавен интерен оглас бр.1/20 за унапредување на судски службеник во категорија Б,ниво Б4, СУД0101Б04004,Раководител на одделение за ИТ.

По спроведената постапка.согласно Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас,формата,начинот на поднесување на пријавата за унапредување,начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто,како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работното место за кои е објавен интерниот оглас,Комисијата за селекција и унапредување до Судскиот администратор достави предлог во кој е наведено дека кандидатот Викторија Ристова е најдобро рангиран кандидат-прв на ранг листата од сите фази на селелекцијата.

Во врска со горенаведеното,а согласно чл.42 и чл.43 од Законот за судска служба,Судскиот администратор одлучи како во диспозитивот на решението.

Судски администратор
Марија Стојанова

**Поука**:Против ова решение судскиот службеник има право на жалба во рок од 8 дена од приемот до Советот на судска служба.

28-12-20
28-12-20